Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 02-350/10
17.09 2025 год.
СКОПЈЕ

КОДЕКС
НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Дел.бр. 02-350/10



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

Согласно член 9 од Правилникот за начинот на изведување на ексурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853 од 04.08.2025 година, Стручниот тим за изведување наексурзиите, излетите и другите вон училишни активности на учениците при ООУ „Блаже Конески“ Општина Аеродром, на 10.09.2025 година, изработи

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

I. Цел

Овој кодекс има за цел да обезбеди безбедно, културно и дисциплинирано однесување на учениците за време на организирани ученички екскурзии, излети, културни настани, спортски манифестации и други вонучилишни активности надвор од училиштето.

II. Општиправила

- ✓ Учениците се должни достојно да го претставуваат своето училиште;
- ✓ Забрането е консумирање алкохол и други недозволени супстанции;
- ✓ Забрана за наружување на јавниот ред и мир, насилно однесување и на несување на материјална штета на местата кои ги посетуваат;
- ✓ Учениците се должни да го почитуваат распоредот, програмата и упатствата утврдени од училиштето и одговорните наставници/раководители.
- ✓ За време на активностите, учениците мора да бидат во групата и да не се оддалечуваат без дозвола.
- ✓ Почитување на соучениците, наставниците, туристичкиот водич и сите други лица вклучени во организацијата.

III. Безбедност

- ✓ Во автобус или друго превозно средство учениците седат на своите места, со задолжително користење на безбедносните појаси (доколку ги има).
- ✓ Не е дозволено стоење, трчање, викање или отворање на прозорци без дозвола на возачот/наставникот.
- ✓ На локациите кои се посетуваат, учениците се придржуваат кон правилата за движење и безбедност.

IV. Чување на имотот

Учениците се должни да го чуваат имотот на превозникот, хотелот/објектот, музеите и сите други институции кои се посетуваат.

Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com

Доколку ученик намерно предизвика штета, родителот/старателот е должен да ја надомести истата.

V. Одговорност и на учениците

- ✓ Да внимаваат на сопствените лични работи – училиштето не сноси одговорност за загубени предмети поради невнимание.
- ✓ Да ги информираат наставниците за секоја промена на здравствената состојба или друга околност.

VI. Дисциплински мерки

Во случај ученикот за време на изведувањето на екурзиите, излетите и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува на ученикот учество на нареднитена екурзиите, излетите и другите вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

VII. Завршни одредби

Врз основа наовој Кодекс, родителот/старателот на ученикот потпишува Изјава дека при изведувањето на екурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот.

Потпишаната Изјава се предава на одделенскиот раководитен најдоцна три дена пред изведувањето на екурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците.

Изработил:
Советник за нормативно правни работи/секретар
Николина Митев

Одобрил:
Директор
Виолета Ристовска

Усвоил:
Претседател на училишен одбор,
Бојана Трајановска Димитриева



Општинско основно училиште „Блаже Конески“
ул. Венијамин Мачуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com